ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-16/7**

**Дата:** 07.02.2013

ДО
НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа Театар за деца и младинци – Скопје (во натамошниот текст НУ Театар за деца и младинци – Скопје) на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787-16), за 2011 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на позициите на Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година, поради неизвршен попис на залихите на материјали и готови производи (костими и сценски реквизити) и неизвршено сметководствено евидентирање на уметничките дела, костимите и сценските реквизити платени од оваа сметка. За резултатот од финансиските активности за 2011 година ревизијата изрази позитивно мислење.

За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, ревизијата изрази негативно мислење, поради неизвршен попис на залихите на материјали и готови производи, нецелосно евидентирани материјални средства, извршени исплати за привремени вработувања на несоодветен начин и извршени набавки на стоки и услуги без спроведување на постапки за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува, да се изврши попис на залихите на костими и сценски реквизити, да се утврди вредноста и да се изврши сметководствена евиденција на уметничките дела, костимите и сценските реквизити. При ангажирањето на лица од кои Театарот има континуирана потреба да се преземат сите законски постапки и да се обезбедат потребните согласности од надлежните органи. Набавките на стоки и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на НУ Театар за деца и младинци - Скопје на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787-16) за 2011 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ Театар за деца и младинци - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Љубомир Чадиковски, директор до 21.01.2011 година, и
- Драган Довлев, директор од 21.01.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ Театар за деца и младинци -

Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.10.2012 до 15.12.2012 година кај НУ Театар за деца и младинци - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 21.12.2012 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-16/2 од 03.01.2013 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Во текот на 2011 година Театарот континуирано ангажира пет физички лица за извршување на работи и тоа: три лица за обезбедување на објектот, еден гардеробер по основ на договори за дело и едно лице за вршење сметководствени услуги ангажирано преку авторска агенција, наместо преку агенција за привремени вработувања. За овие работи се направени расходи во вкупен износ од 580 илјади денари за надоместоци, персонален данок и застапничка провизија за авторска агенција. Начинот на ангажирање на овие лица не е во согласност со член 22 од Законот за работни односи каде е уредено дека потребата од работници се обезбедува со објавување на јавен оглас, согласно член 51 од Законот за буџетите кој се однесува на обезбедување на потребните средства и согласности за вработување или со член 4, 11 и 13 од Законот за Агенции за привремени вработувања каде е утврдено дека агенцијата за привремени вработувања може да склучи договор за отстапување на работникот со работодавачот и договор помеѓу агенцијата за привремени вработувања и работникот во кој освен висината на платата треба да бидат утврдени придонесите и надоместоците од плата.

Непочитувањето на наведените закони при ангажирање на лица кои вршат континуирани работи и немаат третман на договор за дело, создава можност за необјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лица, неостварување на правото на пензиско и здравствено осигурување од работен однос и ненаменско и незаконско користење на средствата.

**Препорака**

Надлежните служби за ангажирање на лица од кои Театарот има континуирана потреба да ги преземат сите законски активности и да ги обезбедат потребните согласности од надлежните органи.

## 3.2. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.2.1. Наодот од точка 3.1.1. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (603-19), во врска со необезбедување на разумно уверување за реалноста и објективноста на искажаната состојба на материјалните средства и залихите на материјали и готови производи во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година, поради неизвршен попис на залихите на материјали и готови производи и неизвршена сметководствена евиденција на уметничките дела, костимите и сценските реквизити, се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности.

**Користење на средствата согласно законските прописи**

## 3.3. Јавни набавки

3.3.1. Наодот од точка 3.2.1. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (603-19), во врска со неспроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. Од оваа сметка се исплатени 153 илјади денари за сервисирање на возило, застапничка провизија на авторска агенција и поставување - хостирање и одржување на веб сајтот на Театарот.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точка 3.2.1. погоре, ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година поради неизвршен попис на залихите на материјали и готови производи и неутврдена и неевидентирана вредност на уметничките дела (слики и скулптури) и залихите на готовите производи (костими и сценски реквизити).

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.2.1., финансискиот извештај Биланс на состојба ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НУ Театар за деца и младинци - Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787-16), на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со дој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ Театар за деца и младинци – Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787-16), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**5. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Поради спроведени погрешни книжења на опрема во минати години, во текот на ревизијата прифатени се и спроведени корекции во Билансот на состојба со налог за книжење бр. 189 од 07.12.2012 година.

Вкупниот ефект од спроведените корекции е зголемување на активата и пасивата за 11 илјади денари и зголемување на приходите и вишокот на приходи за 62 илјади денари, за паричните средства во благајните кои не се прикажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

Скопје, 04.02.2013 година

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.128 | 2.056 |
| Трансфери и донации | 875 | 1.011 |
| **Вкупно приходи** | **3.003** | **3.067** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1.859 | 1.701 |
| Субвенции и трансфери | 450 | 553 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2.309** | **2.254** |
| **Вкупно расходи** | **2.309** | **2.254** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **694** | **813** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **694** | **813** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 694 | 879 |
| Побарувања | 9 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 24 | 24 |
| Активни временски разграничувања | 210 | 50 |
| **Вкупно тековни средства** | **937** | **953** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 224 | 247 |
| **Вкупно постојани средства** | **224** | **247** |
| **Вкупна актива** | **1.161** | **1.200** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 123 | 50 |
| Краткорочни финансиски обврски | 15 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 2 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 797 | 903 |
| **Вкупно тековни обврски** | **937** | **953** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **247** | **247** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **40** | **40** |
| Набавки | 14 | **14** |
| Ревалоризација на капитални средства за 2011 | 15 | **15** |
| Пренос од сметка 029 на пресметана амортизација на уметничка слика | 11 | **11** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **63** | **63** |
| Отпис на капитални средства | 3 | **3** |
| Амортизација | 60 | **60** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **224** | **224** |